### *Б А Р А Њ Е - Д О Г О В О Р*
**_ЗА ИЗДАВАЊЕ УСЛУГА ПАРКИРАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА_**
**_ЗА ПОВЛАСТЕНА КАТЕГОРИЈА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ_**
**_ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГА- ПАРКИРАЊЕ_**

**_ИЗДАДЕНА КАРТИЧКА БРОЈ_** ____________________

## ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

| | |
|---|---|
| *ИМЕ* | |
| *ПРЕЗИМЕ* | |
| *АДРЕСА (ОД ЛИЧНА КАРТА)* | |
| *БРОЈ НА ЛИЧНА КАРТА* | |

## КОНТАКТ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| *ТЕЛЕФОН* | |
| *Е- ПОШТА* | |

## ПОДАТОЦИ ОД СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА (ПОДАТОЦИ ЗА ВОЗИЛО)

| | |
|---|---|
| *РЕГИСТАРСКА ОЗНАКА* | |
| *МАРКА НА ВОЗИЛО* | |
| *АДРЕСА (ОД СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА)* | |
| | |

**_СО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОВА БАРАЊЕ ПОТВРДУВАМ ДЕКА:_**

- се согласувам моите лични податоци на ова Барање- Договор да бидат регистрирани, зачувани и обработувани согласно Законот за заштита на лични податоци (Службен Весник на РСМ број 42/20 од 16.02.2020 година, член 9, став 1, алинеја 2 и 294/21 од 27.12.2021 година). Имате право на пристап и исправка на личните податоци. Доколку Договорот се обнови односно, продолжи, согласен сум личните податоци да се обработуваат;
- податоците кои што ги наведов се точни;
- задолжително писмено ќе го информирам Претпријатието за секоја промена на податоците;
- се согласувам Претпријатието да ме контактира при промовирање на своите услуги.

**_ДОКУМЕНТИ ДОСТАВЕНИ ВО ПРИЛОГ:_**

- СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА (копија)
- ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА (на увид)
- ЧЛЕНСКА ИНВАЛИДСКА КНИШКА (на увид)
- РЕШЕНИЕ ЗА СТЕПЕН НА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ ОД ПИОМ (на увид)*
- ЛЕКАРСКИ НААОД ОД СПЕЦИЈАЛИСТ (на увид)
- МЕДИЦИНСКА ПОТВРДА ОД ДОКТОР (во оригинал)

*Од Решението за степен на телесно оштетување може да се фотокопира единствено делот во кој стои дијагноза и број на Решение

**_ДИЈАГНОЗА:_**

## *ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ И ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА ПАРКИРАЊЕ*

1. **Корисникот на услуга** на јавно паркиралиште (од затворен тип, со влезно- излезен систем на наплата- рампа) се обврзува еднократно да уплати износ од 180,00 денари со вкалкулиран ДДВ од 18% за прво издавање на бесконтактна електронска чип картичка.
2. Доколку корисникот на услуга на затворено јавно паркиралиште ја загуби картичката, се обврзува писмено да пријави кај давателот на услугата. За повторно издавање на загубена картичка, замена на оштетена картичка или картичка чиј рок е изминат, корисникот на услугата се обврзува да уплати износ од 180,00 денари со вкалкулиран ДДВ од 18%.
3. Корисникот на услугата се обврзува бесконтактната електронска чип картичка да ја користи единствено за возилото за кое е издадена. Злоупотреба на картичката е основ за раскинување на Договорот.
4. Корисникот на услуга е должен да ја почитува хоризонталната и вертикална сигнализација. Корисникот на услуга е должен да го почитува временското ограничување при паркирање зависно во која зона /јавна површина наменета за паркирање се паркира. Во случај корисникот на услуга да не ги почитува обврските од оваа точка, давателот на услуга има право неговото возило да го отстрани од јавното паркиралиште односно, јавната површина наменета за паркирање со помош на специјално возило Пајак или да постави блокатор на тркало- лисица. (Цената за остранетото пмв е на корисникот на паркинг услугата)
5. Корисникот на услуга е должен за сите измени кои ќе настанат по склучување на ова Барање- Договор да се информира од веб страната на давателот на услуга (www.gradskiparking.com.mk). Со потпишување на ова Барање- Договор корисникот е согласен и однапред ги прифаќа сите измени на Ценовникот на услуги.
6. **Давателот на услуга** се обврзува корисникот на услуга да го внесе во систем и да му издаде бесконтактна електронска чип картичка.
7. Давателот на услуга се обврзува да ја одржува хигиената односно, навремено да ги превзема сите потребни мерки за непречено користење на јавната површина наменета за паркирање.
8. Давателот на услуга нема обврска да го чува или обезбедува паркираното возило и не одговара за евентуално настанатите штети или кражба на возилото.
9. Давателот на услуга не гарантира слободно паркинг место на корисникот на услугата (загарантирано слободно паркинг место во текот на 24 часа се обезбедува со користење на услугата: „паркирање на резервирано паркинг место“).
10. Давателот на услуга го задржува правото да врши ажурирање на податоците, да врши промена на условите при користење на услугата, да изврши промена на цената на услугата „паркирање на јавно паркиралиште односно, јавна површина наменета за паркирање“.
11. Договорните страни се обврзуваат доследно да се придржуваат по член 26 и останатите одредби од Законот за заштита на личните податоци (Службен Весник на РСМ број 42/20 од 16.02.2020 година, член 9, став 1, алинеја 2 и 294/21 од 27.12.2021 година).
12. Ова Барање- Договор се склучува за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.
13. Ова Барање- Договор се пополнува во два истоветни примероци.

***СО ПОПОЛНУВАЊЕ/ ПОТПИШУВАЊЕ НА ОВА БАРАЊЕ- ДОГОВОР ЗА КАТЕГОРИЈА КОРИСНИК ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГА ПАРКИРАЊЕ Н АЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ ИЛИ ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ, ЗАПОЗНАЕН СУМ СО СИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ, СОГЛАСЕН СУМ И ГИ ПРИФАЌАМ СИТЕ УСЛОВИ И ОБВРСКИ КАКО КОРИСНИК НА УСЛУГАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО АКТИТЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ.***

Скопје, __.__.20__ година

***ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО:***

______________________________

**(Име и презиме, потпис)**

***ДАТУМ НА ВНЕСУВАЊЕ ВО СИСТЕМ***

___.___.20_____ година

www.gradskiparking.com.mk

инфо центар: ++ 389 2 321 55 66

***БАРАЊЕТО ГО ПРИМИЛ:***

______________________________

(Име и презиме, потпис)

***ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА:***

______________________________

(Име и презиме, потпис)

***ЧЛЕН:***

______________________________

(Име и презиме, потпис)

***НАДВОРЕШЕН ЧЛЕН ОД ГРАДСКО СОБРАНИЕ:***

______________________________

(Име и презиме, потпис)

***НАДВОРЕШЕН ЧЛЕН ОД ГРАДСКО СОБРАНИЕ:***

______________________________

(Име и презиме, потпис)

***ЧЛЕН:***

______________________________

(Име и презиме, потпис)